АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ

Република Македонија

# Пазарот на осигурување во Република Македонија во четвртиот квартал од 2016 година

## 1. Анализа на осигурителниот пазар во Република Македонија во периодот од 1.1.2016-31.12.2016 година

Заклучно со 31.12.2016 година на пазарот на осигурување во Република Македонија работат 15 друштва за осигурување (11 неживотно осигурување и 4 осигурување на живот). Бројот на осигурително брокерските друштва во споредба со 2015 година се зголеми за 3 нови друштва (Џокер Инс Брокер АД Гевгелија, ЕОС Брокер АД Скопје и Петрол- Оил Брокер АД Скопје) со што вкупниот број на осигурително брокерски друштва е 33. Бројот на друштвата за застапување се зголеми за 1 ново друштво (Л.И.Ф.Е. Македонија АД Скопје) со што вкупниот број на друштва за застапување е 14. Бројот на банки кои вршеа работи на застапување во осигурување остана непроменет, односно 3 банки имаат добиено дозвола од Агенцијата за вршење работи на застапување во осигурување.

Во периодот од 1.1.2016-31.12.2016 година е остварена бруто полисирана премија (во натамошниот текст: БПП) во вкупен износ од 8,72 милијарди денари, што претставува пораст на приходите од 5,34% во однос на остварените од истиот период во минатата година (4Q2015: 8,28 милијарди денари).

Во делот за неживотно осигурување остварена е БПП во вредност од 7,43 милијарди денари (4Q2015: 7,18 милијарди денари) или истата изнесува 85,19% од вкупната БПП на осигурителниот сектор, односно зголемување од 3,50% во споредба со 4Q2015 година.

Во анализираниот период, раст од 17,32% бележи осигурувањето на живот каде е остварена БПП во износ од 1,29 милијарди денари (4Q2015: 1,10 милијарди денари). Осигурувањето на живот учествува со 14,81% во вкупната БПП на осигурителниот сектор. Во 2016 година во рамките на осигурувањето на живот, поголем замав забележува осигурувањето на живот кога инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот, меѓународно познато како unit linked осигурување, со остварена БПП во износ од 57,4 милиони денари што претставува пораст од 645,16% во однос на претходната година (4Q2015: 7,7 милиони денари).

Истовремено, во вкупната остварена БПП најзначајно учество има осигурувањето кај моторните возила со 52,92% (4Q2015: 52,96%), при што осигурувањето од автомобилска одговорност (АО) учествува со 44,22% (4Q2015: 44,59%), а доброволното осигурување на моторни возила (каско) со 8,70% (4Q2015: 8,37%). Потоа следува, осигурувањето на имот (од пожар, природни непогоди, кражби и други ризици) со 17,83% (4Q2015: 19,82) и осигурувањето од последици на несреќен случај (незгода) со учество од 7,63% (4Q2015: 7,23%).

Во рамки на одделните класи на осигурување, продолжува трендот на пораст на премијата за автоодговорност 4,48% со БПП 3,86 милијарди денари (4Q2015: 3,69 милијарди денари), осигурувањето од незгода од 11,08% со БПП 665,18 милиони денари (4Q2015: 598,84 милиони денари) и каско осигурувањето од 9,46% со БПП 758,47 милиони денари (4Q2015: 692,92 милиони денари). Од друга страна пак, кај осигурувањето на имот се забележува пад од 5,26%

со БПП 1,55 милијарди денари (4Q2015: 1,64 милијарди денари), при истовремен раст на бројот на склучени договори од 11,65%.

Во анализираниот период, склучени се 1.292.749 договори при што се забележува зголемување од 7,74% во однос на истиот период од минатата година кога беа склучени 1.199.860 договори. По класи на осигурување раст од 46,77% бележи осигурувањето на живот, осигурувањето од незгода со 13,81%, потоа следи осигурувањето од автомобилска одговорност со 5,71% и каско осигурувањето со 0,34%. (Табела бр. 1).

**Табела бр.1:** Бруто полисирана премија и број на склучени договори

| | Бруто полисирана премија (во 000 МКД) | | | Број на склучени договори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 4Q2016 | 4Q2015 | промена | 4Q2016 | 4Q2015 | промена |
| АО (вкупно) | 3.857.004 | 3.691.683 | 4,48% | 723.086 | 684.021 | 5,71% |
| Имот (вкупно) | 1.555.075 | 1.641.334 | -5,26% | 95.719 | 131.693 | -27,32% |
| Живот | 1.234.211 | 1.093.280 | 12,89% | 12.267 | 8.358 | 46,77% |
| Каско моторни возила | 758.473 | 692.927 | 9,46% | 43.034 | 42.887 | 0,34% |
| Незгода | 665.181 | 598.846 | 11,08% | 418.092 | 367.352 | 13,81% |
| Општа одговорност | 200.607 | 192.431 | 4,25% | 31.538 | 24.542 | 28,51% |
| Туристичка помош | 182.669 | 180.648 | 1,12% | 381.949 | 364.092 | 4,90% |
| Карго | 74.118 | 70.094 | 5,74% | 2.819 | 2.505 | 12,53% |
| Осигурување на живот кога инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот | 57.459 | 7.711 | 645,16% | 1.466 | 325 | 351,08% |
| Здравствено | 45.217 | 6.369 | 609,95% | 1.256 | 368 | 241,30% |
| Каско воздухоплови | 43.879 | 48.123 | -8,82% | 4 | 5 | -20,00% |
| Финансиски загуби | 37.092 | 45.072 | -17,71% | 1.448 | 240 | 503,33% |
| Одговорност воздухоплови | 6.778 | 6.730 | 0,71% | 32 | 29 | 10,34% |
| Одговорност пловни објекти | 2.214 | 2.525 | -12,32% | 592 | 759 | -22,00% |
| Каско пловни објекти | 881 | 872 | 1,03% | 33 | 31 | 6,45% |
| Гаранции | 762 | 1.066 | -28,52% | 257 | 245 | 4,90% |
| Правна заштита | 0 | 0 | 0,00% | 1 | 1 | 0,00% |
| **ВКУПНО** | **8.721.620** | **8.279.711** | **5,34%** | **1.292.749** | **1.199.860** | **7,74%** |

*Извор: Квартални извештаи, АСО*

Друштвата за осигурување во 4Q2016 година исплатиле бруто - износ на штети од 3,61 милијарди денари. Учеството на реосигурувањето во бруто исплатените штети изнесува 23,72%. Во споредба со 4Q2015 година бруто исплатените штети бележат зголемување од 13,26% (4Q2015: 3,18 милијарди денари). Истовремено, бројот на ликвидирани штети е поголем за 9,67% во однос на 4Q2015. (Табела бр.2)

**Табела бр.2:** Бруто исплатени штети и број на ликвидирани штети

| | Бруто исплатени штети (во 000 МКД) | | | Број на ликвидирани штети | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 4Q2016 | 4Q2015 | промена | 4Q2016 | 4Q2015 | промена |
| АО (вкупно) | 1.625.090 | 1.542.769 | 5,34% | 26.359 | 23.312 | 13,07% |
| Имот (вкупно) | 460.769 | 636.480 | -27,61% | 8.070 | 7.647 | 5,53% |
| Каско воздухоплови | 410.837 | 0 | 100,00% | 1 | 0 | 100,00% |
| Каско моторни возила | 409.738 | 374.066 | 9,54% | 7.599 | 7.201 | 5,53% |
| Незгода | 389.498 | 361.431 | 7,77% | 7.673 | 7.120 | 7,77% |
| Живот | 207.465 | 127626 | 62,56% | 1863 | 1.372 | 35,79% |
| Туристичка помош | 49.401 | 44905 | 10,01% | 3.020 | 2981 | 1,31% |
| Општа одговорност | 23.345 | 93.241 | -74,96% | 296 | 253 | 17,00% |
| Одговорност воздухоплови | 20.260 | 426 | 4655,87% | 1 | 1 | 0,00% |
| Карго | 4.660 | 1.778 | 162,09% | 84 | 53 | 58,49% |
| Здравствено | 2.785 | 869 | 220,48% | 176 | 75 | 134,67% |
| Каско пловни објекти | 1.354 | 119 | 1037,82% | 1 | 1 | 0,00% |
| Финансиски загуби | 643 | 168 | 282,74% | 51 | 75 | -32,00% |
| Кредити | 40 | 0 | 100,00% | 0 | 0 | / |
| Гаранции | 28 | 0 | 100,00% | 0 | 0 | / |
| **ВКУПНО** | **3.605.913** | **3.183.878** | **13,26%** | **55.194** | **50.091** | **10,19%** |

*Извор: Квартални извештаи, АСО*

Во доменот на пазарната концентрација во делот на неживотното осигурување, бројот на друштвата кои го поминуваат прагот на учество над 10% во вкупната БПП е 5. При тоа, учеството на пазарните водачи е следното: Триглав осигурување со 17,88% (4Q2015: 18,03%), Осигурување Македонија со 12,60% (4Q2015: 12,86%), Евролинк со 11,38% (4Q2015: 12,28%), Винер со 10,79% (4Q2015: 9,52%), Сава со 10,11% (4Q2015: 9,79%). Во делот на осигурување на живот доминантно учество заземаат Кроација живот со 42,79% (4Q2015: 44,00%) и Граве со 36,39% (4Q2015: 39,54%).

Во структурата на каналите на продажба најголемо учество има директната продажба со 45,69% (4Q2015: 47,24%). Разложено по групи на осигурување, кај друштвата за осигурување на живот најзначаен канал на дистрибуција се осигурително брокерските друштва со 53,87% (4Q2015: 56,71%), додека пак кај неживотното осигурување доминира каналот на директната продажба со 50,72% (4Q2015: 47,24%)(Табела бр.3).

**Табела бр.3:** Структура на канали на продажба по групи на осигурување

| 4Q2016 | неживот | | живот | | вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | БПП (во 000 МКД) | Учество | БПП (во 000 МКД) | Учество | БПП (во 000 МКД) | Учество |
| Директна продажба | 3.768.219 | **50,72%** | 216.781 | 16,79% | 3.985.000 | **45,7%** |
| Осиг. брокерски друштва | 1.532.971 | 20,63% | 695.746 | **53,87%** | 2.228.717 | **25,6%** |
| Друштва за застапување во осиг. | 707.915 | 9,53% | 156.297 | 12,10% | 864.212 | **9,9%** |
| Туристички агенции | 34.473 | 0,46% | 0 | 0,00% | 34.473 | **0,4%** |
| Автосалони | 6.081 | 0,08% | 0 | 0,00% | 6.081 | **0,1%** |
| Банки | 30.212 | 0,41% | 101.041 | 7,82% | 131.253 | **1,5%** |
| Застапници во осигурување | 1.349.880 | 18,17% | 121.634 | 9,42% | 1.471.514 | **16,9%** |
| Останати дистрибутивни канали | 194 | 0,00% | 0 | 0,00% | 194 | **0,0%** |
| **Вкупно** | **7.429.945** | **100,00%** | **1.291.499** | **100,00%** | **8.721.444** | **100,00%** |

*Извор: Квартални извештаи, АСО*

На крајот на 4Q2016 година вкупниот капитал на друштвата за осигурување изнесува 5,55 милијарди денари. Маргината на солвентност како главен индикатор за проценка на стабилноста на осигурителниот сектор изнесува 1,34 милијарди денари (кај неживотното осигурување 1,12 милијарди денари, а кај осигурувањето на живот 223 милиони денари), со што капиталот на осигурителниот сектор е 4,1 пати над потребното ниво на маргината на солвентност.

Во периодот 1.1-31.12.2016 година осигурителниот сектор оствари добивка по оданочување во износ од 474,62 милиони денари. Кај друштвата за неживотно осигурување, 8 друштва реализираа добивка во вредност од 459,45 милиони денари, додека, пак, 3 друштва имаа загуба од 39,05 милиони денари. Кај друштвата за осигурување на живот, друштвата остварија добивка во износ од 65,90 милиони денари, и тоа 3 друштва прикажаа добивка од 65,90 милиони денари, а 1 друштво загуба од 11,69 милиони денари.

Со состојба на 31.12.2016 година, друштвата за неживотно осигурување го исполнија минималното потребно ниво на средства коишто ги покриваат техничките резерви. Вложувањата на средствата од техничките резерви во рамки на оваа група изнесуваа 6,59 милијарди денари и покриваа 108,64% од техничките резерви кај овие друштва. Кај друштвата коишто работат осигурување на живот, пак, вкупните вложувања на средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва на 31.12.2016 година изнесуваат 3,53 милијарди денари, односно покриеноста на техничките резерви и математичката резерва изнесуваше 101,78%.

На крајот на четвртиот квартал од 2016 година, друштвата за неживотно осигурување најголем дел од средствата коишто ги покриваат техничките резерви ги пласираа во должнички хартии од вредност издадени од Република Македонија (49,90%), потоа, депозитите во банки (41,37%), уделите во инвестициски фондови (5,12%), акции (1,43%) и во долгорочни ХВ издадени во ЕУ или ОЕЦД (2,17%). Друштвата за осигурување на живот најголем дел од средствата коишто ги покриваат техничките резерви ги пласираа во должнички хартии од вредност издадени од Република Македонија (76,78%), банки (21,50%), инвестициски фондови (0,83%) и во други финансиски инструменти (0,90%). Споредбено со 4Q2015, структурата на вложувањата на средствата не бележи значителни промени.